**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 26.11.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6000 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното време на новинарските прилози селектирани за анализа во десетдневниот период од 11 до 20 ноември, емитувани во Дневникот 2 (19:30 часот), изнесува – 3 часа и 7 минути и 14 секунди.

Хронолошки погледнато, од 11 до 20 ноември, главно преку т.н. „фактографски жанрови" - вести, извештаи и соопштенија, приоритет во структурата на Дневникот 2 добиваа завршните организациски работи што ги презема Државната изборна комисија околу изборниот процес – начинот по кој ќе гласа и местата каде што ќе гласа дијаспората, роковите за поднесување на партиските листи со кандидати за пратеници, регуларноста на доставената изборна документација, и конечниот изглед на гласачкото ливче. Во овој контекст, посебно новинарско внимание му се посвети на правното засновање на одлуката на ДИК да ги одбие кандидатските листи за пратеници од Социјал-демократската партија на Македонија и од Народното движење за Македонија, при што, медиумски беа застапени и официјалните реакции на двете засегнати партии. Од другите содржини во оваа внатрешно-политичка рамка, со вести и со извештаи беа проследени следниве партиски активности: конвенцијата на Коалицијата „За подобра Македонија" и потпишувањето на декларацијата „Македонија 2020"; конвенцијата на ДПА; конвенцијата на Коалицијата - „ВМРО за Македонија"; формирањето на Коалицијата – „Преродба со БЕСА"; потврдата за предлог-пратеничките листи од „Коалицијата за промени и правда"; и промоцијата на потпишаниот – „Кодекс за превенција од насилство". Во десетдневниот период за мониторингот, од засебните партиски активности позабележително новинарско внимание добија СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, а поединечните прилози понекогаш беа емитувани сукцесивно, како непосредни партиски реакции: *СДСМ - Заев најави реизбор на судиите по изборите; СДСМ - Шекеринска: Формираме широк фронт; ВМРО ДПМНЕ - Конески: Не е време за редефинирање на државата; реакција на СДСМ: 63 пратеници за здружената опозиција; реакција на СДСМ – За кандидатските листи на ВМРО ДПМНЕ.*

Во прилог на истата тема, но со поширок – политиколошки приод, емитувани се два новинарски осврта: едниот под наслов: „Кои се предностите на изборниот модел по кој Република Македонија би била една изборна единица?", поткрепен со експертските ставови на Башким Бакиу, директор на НВО „Диверзити медиа" (што спровела и истражување на оваа тема), и на универзитетскиот професор Нано Ружин, додека другиот осврт го анализира влијанието на т.н. „социјални медиуми" врз гласачите, конкретно – можноста да се детектираат лажни интернет-профили во директна партиска функција, при што анализата вклучи и разговор со Бојан Кардалов, експерт за нови медиуми, и потсетување за улогата што ја одиграа т.н. „ботови" во претседателската кампања на САД.

Кон крајот на десетдневниот период за мониторинг, како што се приближуваше датумот за почеток на изборната кампања, од поважните новинарски прилози чија содржина е непосредно поврзана со предвремените парламентарни избори, ја бележиме реакцијата на Синдикатот на македонската дипломатија до Министерството за надворешни работи, дека одредени македонски амбасади вршат предизборен притисок и партиска агитација кај дијаспората. Во прилогот се прикажани ставовите на Сашо Тодоровски, претседателот на Синдикатот, и на Александар Кирацовски, дополнителниот заменик-министер во МИОА, при што е јасно наведено дека е побаран, но не е добиен официјален став од Министерството за надворешни работи. На 18 ноември, приоритет во Дневникот 2 доби извештајот од прес-конференцијата на Специјалното јавно обвинителство во врска со случајот „Таргет", по кој беа емитувани извештаи и (извадоци од) соопштенија на ВМРО ДПМНЕ, на СДСМ и на ДС.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 1 | | |
|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент |
| ДИК и други органи | 00:22:35 | 12,06 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:51 | 3,12 % |
| СДСМ | 00:04:25 | 2,36 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:46 | 0,41 % |
| Беса | 00:00:42 | 0,37 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:10:17 | 5,49 | % |
| Граѓански сектор | 00:29:23 | 15,69 | % |
| Други субјекти | 00:37:52 | 20,23 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:39 | 6,22 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:10:57 | 5,85 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:04 | 6,45 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:18 | 0,16 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:54 | 0,48 | % |
| Без субјекти | 00:18:17 | 9,76 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:56 | 0,49 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:31 | 0,28 | % |
| Шарена револуција | 00:01:12 | 0,64 | % |
| Судство | 00:05:34 | 2,97 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:31 | 2,94 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:01:21 | 0,72 | % |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:00:43 | 0,38 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:14 | 0,12 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:37 | 0,33 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:27 | 1,84 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:14 | 0,12 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:54 | 0,48 | % |
| | **Вкупно: 03:07:14** | **100** | **%** |

Од активностите на Владата, во десетдневниот период новинарски беа проследени официјалните министерски реакции за содржината на Извештајот од ЕК за демократскиот напредок на Република Македонија, имено - предвид беа земени ставовите на Арбр Адеми, заменик-претседателот на Владата задолжен за европски прашања, и на Никола Попоски, министерот за надворешни работи, но, за оваа тема информативната редакција на Дневникот 2 побара став и од повеќе граѓански организации. Во прилог на тековните работи на Владата, медиумски простор доби и откупот на годишната реколта од тутунот, при што се прикажани ставовите на Дончо Милески, претседателот на Сојузот на тутунските здруженија, Цветан Трифуновски, земјоделски инспектор, и на Ванчо Костадиновски, заменик-министерот во МЗШВ. Работата на органите на државната управа, пак, медиумски беше проследена преку куси извештаи за промоцијата на едицијата документи насловена - „Црните страници на УДБА", направена од Државниот архив на Република Македонија; инвестицијата на ФПЦ – Технопласт во Бунарџик; соработката на македонскиот и на холандскиот катастар; дебатата во Министерството за образование и наука, на тема: „Реформи во средното стручно образование", со директни обраќања (тонски цитати) од Спиро Ристовски, заменик-министерот за образование, потоа Весна Хорватовиќ, директорката на Бирото за развој на образованието, и од Ајше Селмани, директорката на Центарот за стручно образование и обука.

Прилозите за партискиот ривалитет - ВМРО ДПМНЕ / СДСМ, транспониран и во рамките на државните институции, ги опфати одделните соопштенија и прес-конференции на: Оливер Андонов, дополнителниот заменик-министер за внатрешни работи, и на Министерството за внатрешни работи, по повод престрелка во Скопје, општествено важна поради индиции за криминално-политичка пресметка; барањето на Љупчо Николовски, дополнителниот заменик-министер за земјоделие, шумарство и водостопанство, за увид во тендерската документација за изградбата на браната Речани, и официјалната реакција на МЗШВ; кривичните пријави за наводни притисоци врз администрацијата, поднесени од Александар Кирацовски, дополнителниот заменик-министер за информатичко општество и администрација, и реакцијата на МИОА.

Во десетдневниот период од 11 до 20 ноември, најголем квантум информации произлегоа од прилози за граѓански иницијативи и проектни активности, и за тековни економски теми, новинарски обработени главно преку детални извештаи и разговори. За илустрација на отворениот информативен новинарски пристап на Дневникот 2 кон организираната, критичка граѓанската иницијатива за тековните владини социјални, дипломатски и економски политики, бележена во ставките „други субјекти" и „граѓански сектор" – можат да се споменат следниве прилози: Истражувањето на НВО „Евроатлантски совет", раководен од Исмет Рамадани, за расположението на македонските граѓани кон ЕУ и НАТО, содржински поврзано како реакција непосредно по објавувањето на наодите и на препораките од Извештајот на ЕК за Република Македонија; економската конференција насловена - „Перспективи 2016", со поттема - „Образованието во фокусот на економистите", при што медиумски беа прикажани ставови на стопанските комори, на бизнисмени, на менаџери и на странски инвеститори, со поопстоен осврт врз гледиштата на Фатмир Битиќи, претседателот на Стопанската комора на Северозападна Македонија; извештај од Саемот - „Вкусот на Македонија"; осврт и социјалната репортажа од Прилеп, на теми - „Животното осигурување – табу тема за граѓаните" и хуманитарната акција под мотото – „Од народ за народ"; извештај од протестот на вработените во „Југохром"; објавата на „Мојот прв буквар" на ромски јазик, како и барањето на неколку ромски невладини организации за подобрување на општите човекови права на ромската заедница во државава; комеморацијата за жртвите од Првата светска војна, спроведена на француските воени гробишта во Битола; маршот за толеранција, одржан во Скопје, под мотото – „Омразата е слабост"; здравствените граѓански ангажмани поврзани со Денот на дијабетичарите, поттикнати од статистиката за 185 илјади македонски граѓани заболени од дијабетес, и реакцијата на нивното здружение до Министерството за здравство, во врска со (не)квалитетот на увозниот инсулин во државата; несогласувањата меѓу Министерството за труд и социјална политика и раководството на Сојузот на слепи лица, во врска со злоупотреба на службената должност; граѓанската дебата на тема – „Дали постои политичка волја за заштита на укажувачите?"; промоцијата на „Прирачникот за јавни политики", изготвен како соработка меѓу Високата школа за новинарство и односи со јавноста, Вестминстер фондација за демократија, и невладините „Инклузива" и „Хопс"; проследувањето на 25-те години од загинувањето македонски војници во ЈНА; дебатите и конференциите организирани од НВО Транспаренси интернешенл и од Институтот за демократија „Социетас цивилис", за - финансирањето на партиските изборни кампањи како простор за корупција, и предлогот за итни демократски реформи; одгласите на бизнис заедницата за штетни банкарски практики; предизвиците за жените претприемачки; формирањето „Коалиција за медиумска писменост"; укажувањето на Здружението за заштита на правата на детето адресирано до Министерството за труд и социјална политика, дека стотина деца нелегално работат по градските улици; дебатата на организацијата „People to people international" - Како до поуспешна младинска приказна?, на која во предизборието се искажани барања на младите од невладиниот сектор до политичките партии учеснички во изборниот процес.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| МРТ1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ДИК и други органи | 00:07:46 | 13,08 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:06 | 3,54 | % |
| СДСМ | 00:01:28 | 2,47 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:24 | 0,67 | % |
| Беса | 00:00:31 | 0,87 | % |
| Влада на РМ | 00:02:36 | 4,38 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:03 | 16,92 | % |
| Други субјекти | 00:14:16 | 24,02 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:06:09 | 10,35 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:23 | 7,38 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:33 | 5,98 | % |
| Шарена револуција | 00:00:14 | 0,39 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:30 | 0,84 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:28 | 0,79 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:49 | 4,74 | % |
| Судство | 00:00:37 | 1,04 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:31 | 2,55 | % |
| | **Вкупно: 00:59:24** | **100** | **%** |

Освен извештаите за тековниот судски процес против Богоевски, припадникот на т.н. „Шарена револуција", во Дневникот 2 беа емитувани неколку новинарски прилога што ги покажуваат ставовите на сите засегнати страни во разногласието околу постапувањето и одлучувањето на повеќе инстанци од судскиот систем: Писмото од 13 судии упатено до Караџовски, претседателот на Судскиот совет, против судијата Панчевски од Основниот суд 1 во Скопје, но и ставовите на „Транспарентност Македонија" и на Анета Арнаудовска, директорката на Академијата за судии и јавни обвинители. Со ист новинарски приод - во кој се застапени гледиштата на спротивставените страни, емитуван е прилог за црковно-имотниот спор помеѓу Здружението на македонската дијаспора од Австралија и Господин Петар, свештеникот претставник на интересите на МПЦ.

Од тековните теми што не произлегуваат директно од политичко-економските релации помеѓу партиите, институциите на власта и од граѓанските иницијативи, емитуван е разговор со Мајкл Когелер, еден од регионалните директори на Мајкрософт; извештај за лингвистички собир на кој е презентиран труд на американскиот македонист Виктор Фридман, за фреквентноста на турцизмите во современиот македонски разговорен јазик; опстојни новинарски осврти за промена на потрошувачките навики (преференцата на супермаркетите во однос на зелените пазари), потоа за најавата дека ќе се воведе нов режим за влез во ЕУ за граѓаните што не се резиденти на држави-членки во ЕУ, евиденцијата дека се САД и Јапонија најголемите економски помагатели на Република Македонија, и низа стручни медицински мислења за потенцијалите на in vitro оплодувањето и причините зошто се зголемува бројот на предвремено родени деца.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Дебати</u>*

На 11 ноември од 15:35 часот (реприза на 13 ноември од 3:30 часот по полноќ), во емисијата „Акцент" емитувано е предизборно соочување на: Маја Морачанин од ДОМ, Емил Анастасов од ДЕМОС (Коалиција за промени и правда), Ивон Величковски од ЛП, Никола Тасев од ВМРО НП (ВМРО за Македонија), Панчо Минов од ГРОМ.

На 15 ноември од 20:20 часот (реprизи на 16 ноември од 15:30 часот, и на 18 ноември по полноќ), во емисијата „Од наш агол", емитувана е дебата меѓу Бил Павлески, министер за привлекување странски инвестиции, Саво Станковиќ, сопственик на компанијата „Хај тек", и проф. д-р Леонид Наков. Се дебатираше на тема: Колку домашната политичка состојба влијае врз привлекувањето странски директни инвестиции.

На 17 ноември од 21:15 часот (реприза на 18 ноември од 15:30 часот), во емисијата „Акцент" на тема: Капацитетите на предложените пратенички листи - дебатираа проф. д-р Иванка Додовска и аналитичарот Алберт Муслиу.